# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО АТУ МАКЕДОНИЈА

## 1. Идентитет и контакт на податоците на Контролорот:

Друштвото за трговија и услуги АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино Илинден
Адреса: Босфор бр.1 1041 Мралино, Илинден
Е-маил адреса: skopje.cv@atu.com.tr

## 2. Контакт податоци на офицерот за заштита на лични податоци:

Телефон: +38971200419
Е-маил адреса: marijana@marusic-kos.mk

## 3. Која е целта на оваа информација?

Оваа информација има за цел подетално да се запознаете со обработката на Вашите лични податоци доколку аплицирате за вработување во Друштвото за трговија и услуги АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино, Илинден (во натамошниот текст: АТУ МАКЕДОНИЈА).

АТУ МАКЕДОНИЈА ги прима Вашите апликации за вработување, врз основа на објавен оглас за конкретна работна позиција (на веб страницата на АВРМ или на веб страници наменети за огласување на слободни работни позиции).

Вашата апликација односно Вашата кратка биографија (CV), а како незадолжителни и Вашето мотивациско писмо и други документи со лични податоци: копии од дипломи и сертификати, можете да ги доставите на електронската адреса: skopje.cv@atu.com.tr или да ги испратите по пошта на адреса: АТУ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино, Илинден.

Ние ја почитуваме Вашата приватност и собираме, обработуваме и чуваме лични податоци законито, транспарентно и правично, во согласност со законските начела и со правните основи утврдени во нив.

## 4. Кои се правните основи за обработка на Вашите лични податоци?

Кога аплицирате за вработување врз основа на објавен оглас за конкретна работна позиција, правна основа за обработка на Вашите лични податоци е Законот за работни односи.
По завршување на огласот за конкретна работна позиција и по вработување на избраниот кандидат, доколку не сте избрани, Вашите лични податоци може да ги чуваме и обработуваме во Збирката на кандидати за вработување, при што правна основа за обработка на Вашите лични податоци би била Вашата согласност.

## 5. За која цел ги обработуваме Вашите лични податоци?

Вашите лични податоци може да ги обработуваме за следниве цели:

- Евалуација и селекција на кандидати и избор на вработени врз основа на објавен оглас со цел да ги процениме вашите квалификации и соодветност за работната позиција за која аплицирате;
- Комуникација со Вас, поврзана со процесот на интервјуирање и избор на кандидати.

## 6. Кои категории на лични податоци ги обработуваме за вас?

АТУ МАКЕДОНИЈА ги обработува:

- Податоците содржани во Вашата кратка биографија (CV)

Кон Вашата кратка биографија, незадолжително може да доставите и:

- Мотивациско писмо
- Документи со лични податоци (копии од дипломи и сертификати)

Поконкретно, АТУ МАКЕДОНИЈА ги обработува следниве категории на лични податоци:

- **Податоци за ваша идентификација -** име и презиме, пол, место и датум на раѓање, државјанство,
- **Контакт податоци** - домашна адреса, телефонски број и е-маил адреса;
- **Податоци за образование и други квалификации** – степен и вид на завршено образование, познавање на јазици, работно искуство, обуки за време на вработување, професија, копии од дипломи и други сертификати и сл
- **Други информации -** други податоци што ќе изберете да ги споделите со нас во Вашата кратка биографија (CV).

## 7. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?

Доколку аплицирате за вработување во АТУ МАКЕДОНИЈА, врз основа на објавен оглас за конкретна работна позиција, Вашите лични податоци ги чуваме во согласност со роковите пропишани со закон, односно доколку не сте избрани на конкретниот оглас, истите ги бришеме во рок од 5 работни дена од денот на склучувањето на договор за вработување со избраниот кандидат.

Но, доколку се согласите Вашите лични податоци да ги чуваме и обработуваме во Збирката на кандидати за вработување, Вашите лични податоци ги чуваме во рок од една (1) година од датумот кога сте аплицирале, или пократко, доколку сте не информирале дека ја повлекувате согласноста за обработка на Вашите податоци, по што Вашите податоци веднаш ги бришеме од збирката на кандидати за вработување.

## 8. Кој има пристап до Вашите лични податоци?

Со цел да се постигне целта за која се дадени личните податоци, пристапот до Вашите лични податоци е ограничен на:

- Вработените во АТУ МАКЕДОНИЈА, кои согласно своите работни задачи имаат реална потреба да пристапат до тие податоци заради остварување на целта за која се обработуваат,

- Правни застапници заради спроведување на правни постапки

## 9. Како ги чуваме Вашите лични податоци?

Ние се грижиме да бидат преземени сите технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработката на Вашите лични податоци, со цел спречување неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба на истите.

## 10. Кои се Вашите права?

Под одредени услови утврдени со закон, имате право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката и право на повлекување на согласноста. Овие Ваши права произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.

| | | |
|---|---|---|
| **Право на информирање** (член 17 и 18 од ЗЗЛП) | Ние имаме обврска да Ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни.<br><br>Оваа информација ќе им биде доставена на кандидатите за вработување, во хартиена или електронска форма, доколку АТУ МАКЕДОНИЈА побара од нив да дадат согласност за обработка и чување на податоците во Збирката на кандидати за вработување. | Рок на постапување: Во моментот кога ќе отпочне со обработката |
| **Право на пристап** (член 19 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, имаме обврска да Ви дадеме детална информација за податоците што ги обработуваме за Вас. | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на исправка** (член 20 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ги исправиме или дополниме Вашите неточни или непотполни податоци. | Рок за постапување: 15 дена од денот на поднесување на барањето. |
| **Право на бришење** (член 21 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ги избришеме податоците ако е исполнета целта заради која биле обработувани, ако сте ја повлекле согласноста за обработка, ако податоците биле незаконски обработувани, ако приговарате на обработката или заради почитување на законската обврска за бришење на | Рок на постапување: 30 дена од денот на поднесување на барањето. |

| | | |
|---|---|---|
| | податоците кога веќе не постои правна основа за обработка. | |
| **Право на ограничување на обработката** (член 22 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ја ограничиме обработката на личните податоци, ако ја оспорувате точноста на личните податоци, во периодот додека не ја потврдиме нивната точност, ако сметате дека обработката е незаконита, но се спротивставувате на бришењето или ако податоците Ви се потребни за остварување на правни барања. | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на повлекување на согласноста** (член 11 од ЗЗЛП) | Кога правна основа за обработка на Вашите лични податоци е согласноста, на Ваше барање, ќе престанеме да вршиме нивна обработка. Повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката која се вршела врз основа на согласност пред отповикувањето. | Рок за постапување: веднаш. |

За остварување на Вашите права, можете да пополните соодветно барање и да го доставите до офицерот за заштита на лични податоци на АТУ МАКЕДОНИЈА, во електронска форма на електронска адреса: marijana@marusic-kos.mk.
Обрасците на барањата за остварување на Вашите права, можете да ги добиете во хартиена форма во црвеното сандаче за документи пред Канцеларијата за административни работи и човечки ресурси, а за да добиете образец во електронска форма, можете да се обратите на офицерот за заштита на лични податоци на електронска адреса: marijana@marusic-kos.mk.

## 11. Надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци

Агенцијата за заштита на личните податоци е надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија

бул. „Гоце Делчев“ бр. 18 Скопје

Телефон: 389 2 323 0635

Е-маил: info@privacy.mk